

Даскал Камче (1790 - 1848), е македонски преродбеник, учител и печатар. Тој со помош на ваташкиот трговец Јовко Марков, ја создал една од првите печатници во Македонија. Според непотврдени известувања, во неа биле напечатени книшки со изреки, меѓу кои и првото книжевно дело од неговиот пријател Јордан Хаџи Константинов-Џинот „Таблица перваја", Камче често одел на Св. Гора и водел групи од разни македонски краишта, кои оделе да се поклонат и да се восхитуваат на многубројните манастири на Атос, што е прв познат пример на црковен туризам во Македонија.

Камче Наков Попангелов, познат како Даскал Камче, е роден околу 1790 година во селото Корешница, близу Демир Капија, во Тиквешката околија. На почетокот на XIX век неговото семејство се преселило во тиквешкото село Ваташа. Камче покажувал големе љубов кон книгата, но неговиот татко неможел да плати 60 пари на месец за да се образува во селското училиште. Затоа тој бил принуден сам да се образува, бил самоук. Откако го совладал писмото, Камче се истакнал како добар певец во ваташката црква.

Камче престојувал во Србија од каде ја набавил учебникарската литература и станал селски учител, Со кратки прекини работел како учител во Ваташа до крајот на животот. Поради својата дејност го добил прекарот – даскал. Како учител го предводел народното незадоволство против грчкото свештенство, се залагал за изградба на ново училиште одвоено од патријаршиската црква и употребата на славјанскиот јазик. Бил близок со Теодосиј Синаитски.

Исто така, во текот на 1827/1828 година Камче престојувал една година на Св. Гора, каде што добро го научил грчкиот јазик. По враќањето станал таксидиот на светогорските манастири во Тиквешијата. Преданијата говорат дека Камче често одел на Св. Гора и водел групи од разни македонски краишта, кои оделе да се поклонат и да им се восхитуваат на многубројните манастири на Атос, во кои се чувале толку многу споменици од стари времиња. Всушност тоа е прв познат пример на црковен туризам во Македонија.

Ваквата работа ќе го натера Камче да стане некој вид писател. Тој си го сакал својот мајчин македонски јазик и за да им го олесни престојот, разгледувањето и снаоѓањето по манастирите, даскал Камче за македонските поклоници составил еден „Опис“на светогорските манастири. За таа цел тој превел некој грчки текст на славјански (македонски) јазик и додал свои дополненија, особено за главните славјански манастири.

Во 1836 година со помош на Јовко Марков и Тедосија Синаитски отворил печатница во Ваташа, една од првите во Македонија. Печатницата која била набавена од Белград и сместена во неговиот дом, работела една година. Во неа се печателе мали книшки се до нејзиното откривање од страна на грчкото свештенство. Сепак, таа навреме била префрлена во Солун, каде под раководство на Теодосиј Синаитски работи од 1839 до крајот на 1842 или почетокот на 1843 ходина, кога изгорела во пожар.

По отварањето на печатницата на Теодосиј Синаитски во Солун, Камче му го дал ракописот  на својот „Опис“ да го напечати. .Во 1839 година папа Теодосија го отпечатил „Краткопт опис на дваесетте манастири во Света Гора Атон“, чиј автор е веројатно Даскал Камче. Тогаш веројатно се создаваат првите врски меѓу печатарот Теодосија и даскал Камче.

По пожарот во печатницата на Теодосиј, според Арсени Костенцев остатоците биле однесени од Камче во Ваташа. Во 1847 година Даскал Камче и Јовко Марков повторно се договориле за отварање на печатницата која би печатела книги на славјански (македонски) јазик. Со поддршка на Јовко Марков, Даскал Камче купил за печатница славјански букви од Белград.

Се претпоставува дека во печатницата во Ваташа биле печатени и книги, но не се зачувани примероци. Според непотврдени известувања, во неа биле напечатени книшки со изреки, меѓу кои и првото книжевно дело од неговиот пријател Јордан Хаџи Константинов-Џинот „Таблица перваја“, напишана според „Ижице први дарови“ од Доситеј Обрадовиќ. Таблицата е печатена во две колони на еден лист со големина од 44 цм должина и 32 цм ширина, опкружена со ѕвездички, со намена за закачување на ѕид за да читаат учениците.

Печатницата им сметала на грчкото свештенство, кои биле против воведувањето славјански јазик во богослужбите, како и на печатење на книги на славјански (македонски) јазик за потребите на црковно-училишните општини.

Овој проблем на грчкото свештенство ќе го снема по смртта на Даскал Камче во 1848 година.